# Чиста сметка – здрава вода!

## Каква вода пиеме?



Кога ја гасите жедта со вода, се прашувате ли каква е таа, дали е здрава, дали е исправна, дали е добра за вас и за вашето семејство?
Без разлика дали сте жител на Јегуновце, Раотинце, Копанце, Туденце, Сиричино, Озормиште или пак на Подбреѓе, Јанчиште, Прељубиште, Шемшево, Жилче или Ратае, вие сте еден од 8.446-те граѓани од овој крај кои имаат проблем со водоснабдувањето.
Треба да знаете дека водата што ви доаѓа од стариот заеднички водовод со кој порано стопанисуваше Југохром не е сигурна затоа што водоводот не се одржува.
Ако водоснабдувањето сте го решиле сами, со индивидуални бунари, сигурно знаете дека водата често не се испитува, не е бактериолошки исправна или пак системот е исклучен заради неплатени сметки за струја и други технички проблеми.

## Како до здрава вода?

Општината Јегуновце, општинското јавно комунално претпријатие и Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во 2008 г. започнаа со изградба на централниот водовод за општината Јегуновце.
Со централниот водовод ќе се обезбеди пристап до доволни количини на здрава вода за пиење. Така ќе се подобри здравјето на луѓето, ќе се подобри инфраструктурата и ќе се создадат услови за економски активности.



## Зошто да се приклучите на новиот централен водовод?

- За да имате доволна количина вода за пиење!
- Затоа што здравата вода за пиење е неопходна за живот!
- Со приклучувањето, вложувате во вашето здравје и во здравјето на вашето семејство.
- За чиста вода, чиста сметка!
- Плаќајте ги редовно своите сметки за да ја одржите водата здрава.
- Само така ќе го гарантираме правото на вода за идните генерации.
- За да стигне во вашиот дом, водата поминува долг пат. За да биде здрава, таа се прочистува и проверува. За неа се грижат вработените во јавното комунално претпријатие. Кога редовно ги плаќате своите сметки, се одржува бунарот, резервоарите и водоводната мрежа, овозможувате третман на водата, вложувате во нови извори и во изградба на канализациска мрежа или пречистителни станици.

## Патот на водата



# Чиста сметка – здрава вода!




## Право на вода – право на живот

Денес, правото на здрава вода за пиење се смета како предуслов на правото за живот, правото на храна, правото на здравствена заштита и правото за вдомување/сместување.
Над 1,1 милијарда луѓе во светот страдаат заради недостаток од вода за пиење. Во нашата земја 93 % од населението има пристап до безбедна вода за пиење (2005 г.), а 63 % приклучок во домовите.



## Чиста и исправна вода - здравје и општа благосостојба

Секои осум секунди, некаде во светот, едно дете умира од болести настанати заради недостаток на здрава вода за пиење и здравствени услуги.

Водата која е биолошки или физичко-хемиски неисправна предизвикува заразни или незаразни болести.

Хигиенски неисправната вода овозможува значителна фекална загаденост на рацете и предметите во секојдневна употреба. Со нејзиното пиење, во вашиот организам може да внесете разни причинители на заразни болести: бактерии, вируси, протозои и јајца од цревни глисти.

Преку вода загадена со причинители на заразни болести од кои боледуваат некои животни, тие болести можат да се пренесат по пат на контакт на водата со кожата и лигавиците на човекот.

## За централниот водовод

Во првата фаза со водоводот ќе бидат опфатени селата Јегуновце, Раотинце, Копанце, Туденце и Сиричино од општината Јегуновце. Во втората фаза ќе бидат опфатени селата Подбреѓе, Јанчиште, Прељубиште, Шемшево, Жилче и Ратае од општината Јегуновце и селото Озормиште од општината Желино. Се проценува дека директните корисници на водоводот ќе бидат 8.446 жители или 1.962 семејства.
Покрај изградбата на централен водовод, паралелно се спроведуваат и активности за јакнење на капацитетите на ЈКП и информативни активности за жителите на горенаведените села.

Чиста сметка – здрава вода!

Активностите ги спроведува МЦМС со финансиска поддршка на Норвешката асоцијација на локални и регионални власти (КС), кои се обезбедени од Министерството за надворешни работи на Норвешка.